МОДЕРЕН БАЛЕТ ВО НЕСЕКОЈДНЕВНО ИЗДАНИЕ

24 декември 2010 Вечер

# Врати - танц, пеење и свирка во живо

„Врати" е наслов на несекојдневната балетска претстава, чијашто премиера љубителите на модерниот балет ќе имаат можност да ја проследат на 28 декември (20 часот), на малата сцена во Македонската опера и балет. Танц со истовремено пеење и свирка „во живо" на самата сцена, имаат за цел да ја направат претставата особено атрактивна за посетителите.

„Врати е мојот втор авторски проект. По структура е модерен балет, којшто обединува неколку медиуми, драма, пеење, видео и танц. Мотивите се земени од секојдневниот живот. Приказната е за една млада девојка која се вселува во ново љубопитно соседство, притоа се вљубува во женет маж... Насловот врати, пак, симболизира почеток или крај на нештата", вели за претставата кореографот Олга Панго.

Режијата и либретото се на драмскиот режисер Наташа Поплавска, која потенцира дека на идејата за овој вид претстава е работено изминатите две години.

„Се работи за претстава која е блиску до народот и која ќе го допре гледачот. Тој ќе може да се поистовети со некој од ликовите или со одредена ситуација која ја гледа на сцената", вели Поплавска.

Џенгиз Ибрахим, кој ја создаде музиката за претставата „Баханалии" која постигна голем успех е, исто така, дел од тимот. Според Ибрахим, ќе бидат употребени инструментите канун, тапани, а ќе се користат и вода и ориз со кои ќе се симулира звукот на дождот. Исто така, ќе бидат вклучени и многу други звуци, кои преку спојот на ориенталната, етно, класична и модерна музика на претставата ќе и дадат посебна атрактивност. Во претставата играат Наташа Николова, Драган Кочовски, Билјана Пашариковска, Маја Митровска, Лиле Миленковска, Марина Георгиевска, Стефан Кочевски и Агим Бафтии. ■ (Д.Т.)